**CV Владимир Георгиевски**

Георгиевски Владимир е роден во Скопје, на 01.06.1942 година.

По средното уметничко училиште во 1963-та година, се запишува на Ликовната Академија во Белград. По завршениот прв степен, кој е од наставнички карактер (слуша методика и психологија), го продолжува своето школување на истата Академија, на одделот за сликарство, каде што дипломира, во 1968ма и каде што ги завршува своите постдипломски студии, во 1970та година.

Како член на УЛУС излага низ поранешните Ју простори. По доаѓањето во Скопје, се вработува во Домот на Младите - 25ти Мај, како уредник на ликовниот сектор - води пионерска ликовна секција.

Во 1983та, тој е доцент на Архитектонскиот Факултет, во Скопје, по предметите ликовно образование и пластично обликување. На истиот Факултет е биран како вонреден и редовен професор; тогаш ги предава предметите: естетика на боја и простор и историја на модерната уметност. Во овој период, тој исто така предава и сценографија на ФДУ. Работи како сценограф на низа претстави, во Македонија и надвор. За некои сценографски решенија награден е за освоено прво место.

За целото ова време слика и излага како член на ДЛУМ на сите значајни изложби**.** Самостојно излага во: Скопје, Белград, Истамбул, Рим, Киев. Излага и на Светското Биенале во Пекинг. Негови јавно изложени дела се:

"Чистење на Храмот" - хол на Музичката Академија;

"Македонски Реквием" - хол на МОБ;

"Ecce Homo" - дом на АРМ.

Негови слики се наоѓаат во приватна сопственост низ Македонија и надвор.

Живее и работи во Скопје.